**Известување за концентрација со која Катар Инвестмент Ауторити, Катар и Ауди Акциенгезелшафт, Германија ќе стекнат заедничка контрола над Заубер Холдинг АГ, Швајцарија**

**(предмет бр. 08-163 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24), на ден 17.12.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено Известување за концентрација кое се однесува на стекнување заедничка контрола од страна на **Катар Инвестмент Ауторити** ("**КИА**"), со регистрирано седиште на Кула Ооредоо (зграда 14), улица Дафна (улица 801), округ Ал Дафна (зона 61), Доха, поштенско сандаче 23224, Катар, преку неговото зависно друштво **КХ** во целосна сопственост, заедно со **Ауди Акциенгезелшафт** со регистрирано седиште на Ауто-Унион-Штр. 1, 85057 Инголштат, Германија над **Заубер Холдинг АГ** ("**Заубер**" или "**Целното друштво**"), со регистрирано седиште на Вилдбахштрасе 9, 8340 Хинвил, Швајцарија заедно со двете зависни друштва на Целното друштво во целосна сопственост, Заубер Моторспорт АГ (*Sauber Motorsport AG*) ("**ЗМАГ**") и Заубер Технолоџис АГ (*Sauber Technologies AG*) ("**ЗТАГ**") ("**Предложената трансакција**"). По завршувањето на Предложената трансакција, Ауди и КХ заеднички ќе го контролираат Целното друштво.

**-Ауди Акциенгезелшафт** е главно активно на полето на проектирање, производство, снабдување и дистрибуција на автомобили како и производство и снабдување со резервни делови за автомобили. Ауди е зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген АГ. 53,3% од обичните акции на ФВ се во сопственост на Порше Аутомобил Холдинг СЕ (*Porsche Automobil Holding SE*), што претставува 31,9% од капиталот на ФВ. Групацијата Фолксваген е активна ширум светот главно во развојот, производството, маркетингот и продажбата на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, туристички автобуси, шасии за автобуси и дизел мотори, моторни велосипеди, секој со вклучувајќи резервни делови за сите и додатоци. Групацијата Фолксваген исто така се занимава со дистрибуција на возила. Групацијата Фолксваген ги вклучува марките на возила Фолксваген (*Volkswagen*), Патнички автомобили Фолксваген (*Volkswagen Passenger Cars*), Лесни комерцијални возила Фолксваген (*Volkswagen Light Commercial*), Порше (*Porsche*), Ауди (*Audi*), Шкода (*Škoda*), Бентли (*Bentley*), Ламборџини (*Lamborghini*), СЕАТ (*SEAT*), МАН (*MAN*), Сканиа (*Scania*) и Дукати (*Ducati*). Фолксваген АГ, исто така, неодамна го основаше зависниот бренд МОИА (*MOIA*), кој е активен во развојот и маркетингот на решенија за услуги за мобилност, како што се сервис за превоз (анг. *ride hailing*) и споделување автомобили (анг. *car sharing*). Дополнително, Групацијата Фолксваген обезбедува финансиски и осигурителни услуги поврзани со дистрибуција и финансирање на своите автомобили и комерцијални возила, како и директни банкарски услуги. Оваа активност главно се спроведува преку Фолксваген ФСАГ (*Volkswagen FSAG*) и зависни друштва.

Групацијата Фолксваген ги вклучува следниве зависни друштва во Северна Македонија:

- Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 6299482, со седиште на адреса Босна и Херцеговина бр. 3 Скопје – Бутел, Северна Македонија и приоритетна дејност– Финансиски лизинг;
- Акционерско друштво за вршење осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје со ЕМБС 7074158, со седиште на адреса Босна и Херцеговина бр. 3 Скопје – Бутел,

Северна Македонија и приоритетна дејност- Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници;

- Друштво за продажба и услуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 6025668, со седиште на адреса Босна и Херцеговина бр. 4 Скопје – Бутел, Северна Македонија и приоритетна дејност - Трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија; и
- Друштво за трговија и услуги СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје увоз-извоз Илинден, со ЕМБС 7027532, со седиште на адреса 34. бр.7 Илинден, Скопје, Северна Македонија и приоритетна дејност– Трговија со останати моторни возила.

**-КХ** е глобална инвестициска компанија основана во 2006 година со седиште во Доха, основана и во целосна сопственост на КИА. КХ инвестира на меѓународно и локално ниво во стратешки приватен и јавен капитал. КИА е суверен инвестициски фонд, кој е основан во 2005 година и е меѓу најголемите суверени инвестициски фондови на глобално ниво. Инвестира во широк опсег на класи на средства и региони, како и во партнерство со водечки институции ширум светот за да изгради глобално и разновидно инвестициско портфолио со долгорочна перспектива што може да обезбеди одржливи приноси. КИА, исто така, целосно го поседува и контролира Катар Ервејс (*Qatar Airways*), кој е глобален спонзор на Формула 1 до 2027 година.

КИА преку Катар Ервејс (Доха) има подружница во Северна Македонија:

- Катар Ервејс Гроуп (К.Ц.С.Ц), зависно друштво на КИА, има подружница во Северна Македонија – **Катар Ервејс Гроуп** (К.Ц.С.Ц) Доха Катар – Подружница Скопје, Р. Македонија-Главна Подружница со регистрирано седиште ул. Никола Кљусев бр. 6, Скопје, Северна Македонија и приоритетна дејност - услужни дејности поврзани со воздухопловниот превоз.

**-Заубер Холдинг АГ** е чиста холдинг компанија која ниту е вклучена во оперативни активности ниту директно во финансирањето на оперативните правни лица. Тоа има две оперативни зависни друштва: (1) ЗМАГ (како што е дефинирано погоре) што го овозможува ангажманот во Формула 1 на Стејк Ф1 Тим Кик Заубер (*Stake F1 Team Kick Sauber*), е активно во Ф1 Еспортс и развива млади возачи во својата академија, и (2) ЗТАГ (како што е дефинирано погоре), кое е активно во активностите за истражување и развој на мотоспортот и нуди на Формула 1 индуцирана експертиза во инженерството, производството и аеродинамиката на трети страни. Ова вклучува 3D печатење и тестирање во ветерен тунел на различни производи и решенија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

18.12.2024 година

Скопје